**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 февруари 2018 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во четвртиот квартал од 2017 година

Во четвртиот квартал од 2017 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 69,6 милиони евра. Финансиските трансакции со нерезидентните во последниот квартал од годината се во знакот на остварените нето-приливи од директни инвестиции (178,1 милион евра), коишто беа доволни за финансирање на дефицитот на тековната сметка и нето-одливите врз основа на другите компоненти на финансиската сметка и придонесоа за нов раст на девизните резерви (зголемување за 82,4 милиони евра).

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | | | | | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1-Кв.4 2017 | Кв.4 2016 | Кв.1-Кв.4 2016 | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-145.2** | **-99.4** | **180.5** | **-69.6** | **-133.7** | **-115.5** | **-265.0** | **-250.0** | ...* | **46.0** | -39.8 | **131.3** | -49.6 |
| Стоки | **-464.0** | **-418.4** | **-412.2** | **-505.4** | **-1,800.0** | **-482.0** | **-1,808.9** | **-93.3** | 22.6 | **-23.4** | 4.9 | **8.9** | -0.5 |
| Услуги | **99.9** | **44.5** | **191.9** | **63.4** | **399.7** | **37.5** | **347.2** | **-128.5** | -67.0 | **25.9** | 68.8 | **52.5** | 15.1 |
| Примарен доход | **-104.7** | **-107.7** | **-108.6** | **-103.0** | **-424.0** | **-97.0** | **-383.9** | **5.6** | -5.1 | **-6.0** | 6.2 | **-40.1** | 10.4 |
| Секундарен доход | **323.6** | **382.2** | **509.3** | **475.5** | **1,690.6** | **425.9** | **1,580.5** | **-33.9** | -6.6 | **49.6** | 11.6 | **110.0** | 7.0 |
| **Капитална сметка** | **1.4** | **2.6** | **0.4** | **2.9** | **7.3** | **0.2** | **10.7** | **2.5** | | **2.7** | | **-3.4** | |
| **Финансиска сметка** | **-137.0** | **-112.2** | **175.2** | **-74.5** | **-148.6** | **-102.1** | **-266.1** | **-249.8** | | **27.6** | | **117.5** | |
| Директни инвестиции | **-111.4** | **10.0** | **50.5** | **-178.1** | **-229.1** | **-126.1** | **-316.9** | **-228.5** | | **-52.0** | | **87.8** | |
| Портфолио инвестиции | **-20.3** | **5.9** | **39.6** | **-8.0** | **17.3** | **2.5** | **-429.2** | **-47.6** | | **-10.5** | | **446.4** | |
| Валути и депозити | **34.5** | **19.8** | **158.2** | **36.5** | **248.9** | **126.6** | **279.0** | **-121.7** | | **-90.1** | | **-30.1** | |
| Заеми | **28.6** | **-24.4** | **43.4** | **-14.7** | **33.0** | **19.7** | **-106.1** | **-58.2** | | **-34.4** | | **139.1** | |
| Трговски кредити | **-1.9** | **-61.9** | **-15.9** | **7.4** | **-72.2** | **-23.5** | **-30.3** | **23.3** | | **30.9** | | **-41.9** | |
| Девизни резерви | **-66.5** | **-61.3** | **-100.6** | **82.4** | **-146.0** | **-101.3** | **338.2** | **183.0** | | **183.7** | | **-484.1** | |

* процентуалната промена е над 100.

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.

Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Од аспект на движењата остварени кај одделните компоненти на тековната сметка, во четвртиот квартал од 2017 година, дефицитите остварени во стоковната размена (505,4 милиони евра) и кај примарниот доход (103 милиони евра) ги надминуваат суфицитите

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (475,5 и 63,4 милиони евра, соодветно).

Наспроти остварениот суфицит во тековната сметка во третиот квартал од годинава (180,5 милиони евра), вообичаен за овој квартал, во четвртиот квартал е евидентиран дефицит од 69,6 милиони евра, што укажува на зголемување на нето-одливите во тековната сметка од 250 милиони евра. Ваквите промени главно се објаснуваат со пониските нето-приливи од размената на услуги и кај секундарниот доход (за 128,5 и 33,9 милиони евра, соодветно), како и повисоките нето-одливи кај размената на стоки (за 93,3 милиони евра).

Во текот на 2017 година во тековната сметка е забележан речиси двојно помал дефицит во однос на 2016 година (понизок за 131,3 милиони евра или 49,6%). Намалувањето на дефицитот, пред сѐ се должи на остварувањата кај секундарниот доход (зголемени приливи за 110 милиони евра, пред сѐ поради пониската споредбена основа особено изразена во вториот квартал од 2016 година), но и кај трговската размена (подобар нето-ефект од размената на услуги и стоки, за 52,5 и 8,9 милиони евра, соодветно), наспроти промените кај примарниот доход, каде што бележиме повисок дефицит во однос на претходната година (за 40,1 милион евра).







Извор: НБРМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во четвртиот квартал од 2017 година се остварени нето-приливи од 74,5 милиона евра. Најголемиот дел од износот на нето-приливи потекнува од директните инвестиции (178,1 милион евра), а во помал обем и во вид на заеми (14,7 милиони евра) и портфолио-инвестиции (8 милиони евра), додека нето-одливи

се евидентирани кај валутите и депозитите (36,5 милиона евра) и трговските кредити (7,4 милиони евра). Девизните резерви се зголемени за 82,4 милиони евра.

На нето-основа, кај директните инвестиции, во четвртиот квартал од 2017 година бележиме посилни нето-приливи, распределени кај сите компоненти на директните инвестиции, во вкупен износ од 178,1 милион евра, и тоа врз основа на сопственички капитал (45,1 милион евра), реинвестирање на добивката (79,2 милиона евра) и меѓукомпаниски долг (53,7 милиони евра). За целата 2017 година, врз основа на директни инвестиции се остварени нето-приливи во износ од 229,1 милион евра, што е помалку за 87,8 милиона евра (27,7%) во однос на 2016 година. Пониските нето-приливи главно се објаснуваат со меѓукомпанискиот долг (за 70,5 милиона евра) и сопственичкиот капитал (за 29,3 милиони евра), само делумно неутрализирани со повисоките нето-приливи од реинвестирање на добивката (за 12 милиона евра).

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2], во четвртиот квартал од 2017 година, бележиме зголемување од 116,2 милиона евра, при нето-приливи од сопственички капитал (49 милиони евра) и реинвестирање на добивката (80,1 милион евра), коишто се делумно нетирани со нето-одливите кај меѓукомпанискиот долг (13 милиони евра). Збирно во 2017 година, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 395,1 милион евра, што е за 100,2 милиона евра (или 20,2%) помалку во однос на 2016 година.

Во четвртиот квартал, средствата врз основа на директни инвестиции се намалени за 61,9 милиони евра, главно како резултат на намалените побарувања врз основа на должнички инструменти. Збирно, во 2017 година, средствата се зголемени за 166,1 милион евра, што е помалку за 12,4 милиони евра (или 7%) во споредба со 2016 година.

Во последниот квартал од 2017 година, нето-приливите врз основа на заеми од 14,7 милиони евра во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај останатите сектори[3] (43,9 милиони евра), компензирани со нето-одливите кај секторот „депозитни институции" во износ од 32,8 милиони евра. Збирно, во 2017 година, се евидентирани нето-одливи врз основа на заеми од 33 милиони евра, коишто во најголем дел произлегуваат од остварените нето-одливи на секторите „држава" и „депозитни институции" (50,1 и 49,5 милиони евра, соодветно), делумно нетирани со нето-приливите кај останатите сектори (69,2 милиона евра).

Најголем износ на нето-одливи во финансиската сметка, и на квартална и на годишна основа, е евидентиран кај категоријата „валути и депозити" (36,5 и 279 милиони евра, соодветно). Ваквите промени во најголем дел произлегуваат од промените кај валутите и депозитите на останатите сектори (вклучително и секторот „домаќинства").

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

Во текот на 2017 година, нето-приливите од директните инвестиции и трговските кредити (229,1 и 72,2 милиона евра, соодветно), заедно со намалените средства од девизните резерви (146 милиони евра) го овозможија финансирањето на дефицитот на тековната сметка (133,7 милиони евра), како и на нето-одливите врз основа на останатите инструменти на финансиската сметка.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоците*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – септември 2017 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка, зголемениот дефицит кај примарниот доход (за 6,9 милиони евра), при намалување на дефицитот кај трговската размена (за 3,9 милиони евра), доведе до зголемување на дефицитот на тековната сметка за 3,5 милиони евра.

Кај финансиската сметка, нето-приливите се зголемени за 2,3 милиони евра, главно поради нагорната корекција кај нето-обврските врз основа на трговски кредити.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 31 мај 2018 (референтен период, заклучно со март 2018 година).

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).